# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 10/2022 26.09.2022 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

### За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.14/2022 одржана на ден 23.09.2022 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Годишната програма за воспитно-образовната работа на СОУ Наум Наумовски Борче Пробиштип за учебната 2021-2022 година бр. 26-915/3,
2. Одлука за усвојување на Годишна програма за воспитно-образовна работа на учебната 2022/2023 година бр. 26-915/4,
3. Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 26-915/5,
4. Одлука за давање на согласност на Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈКП Никола Карев Пробиштип бр. 26-915/6,
5. Одлука за давање на согласност на Одлука за измена и дополнување на Финансиски план на приходи и трошоци за 2022 година на ЈКП Никола Карев Пробиштип бр. 26-915/7,
6. Одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад бр. 26-915/8,
7. Правилник за условите, начинот и посапката за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со младинскиот центар во Пробиштип, бр. 26-915/9,
8. Решение за именување на членови во Комисија за евалуација на поднесени пријави по јавен оглас за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со младинскиот центар во Пробиштип бр. 26-915/10,

9. Одлука за емитување на седници на Совет во живо на содветен канал, документирање и архивирање на истите во видео запис бр. 26-915/11,
10. Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општина Пробиштип за 2022 година бр. 26-915/12,
11. Заклучок по барање од Антониевска Анета од Пробиштп бр. 26-915/13-1,
12. Заклучок по барање од жители на село Добрево бр. 26-915/13-2,
13. Заклучок по барање од Црковен Одбор на црква Св.Илија с.Пуздерци бр. 26-915/13-3,
14. Заклучок по барање од Дејанчо Пенчов од Пробиштип бр. 26-915/13-4,
15. Заклучок по барање од Павле Митевски од Злетово бр. 26-915/13-5,
16. Заклучок по барање од Владо Манасов од Пробиштип бр. 26-915/13-6,
17. Заклучок по барање од Радиша Николов од с.Трипатанци бр. 26-915/13-7,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-915/19 ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.09.2022 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 89-а став 1 алинеа 2 од Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Извештајот за реализација на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, на седницата одржана на ден 23.09.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Извештај за реализација на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година бр.01-278/1 од 31.08.2022 година.

Член 2

Составен дел на овој Заклучок е Извештајот за реализација на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година бр.01-278/1 од 31.08.2022 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 29 од Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Програмата за работа на Средното општинско училиште „Наум Наумовски – Борче“од Пробиштип за учебната 2020/2021 година, на седницата одржана на ден 23.09.2022 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### за усвојување на годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2022/2023 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр.01-279/1 од 31.08.2022 година.

Член 2

Составен дел на овој заклучок е годишната програма за воспитно-образовната работа на Средното општинското училиште „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип за учебната 2022/2023 година бр.01-279/1 од 31.08.2022 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишниот извештај за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2020/2021 година, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, на седницата одржана на ден 23.09.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „БраќаМиладиновци“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештајот за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци “ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година бр.01-586/1 од 01.09.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот извештајот за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци “ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година бр.01-586/1 од 01.09.2021 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 1 од Законот за јавни претпријатија Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13 и 41/014, 138/14, 25/15, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19 и 89/22) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, расправајќи

по Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип, бр.02-567/1 од 25/08.2022 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип, усвоена од Управниот одбор на јавното претпријатие бр.02-567/1 од 25.08.2022 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005; 25/2014; 29/2015 и 23/2019) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, расправајќи по Одлуката за измена и дополнување на Финансисики план на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука за измена и дополнување на Финансиски план на приходи и трошоци ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2022година**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Финансисики план на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2022 година година бр. 02-566/1 од 25.08.2022 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Одлуката за измена и дополнување на Финансисики план на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2022 година година бр. 02-566/1 од 25.08.2022 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-915/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 а во врска со член 66 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019) и член 3 став 2 а во врска со член 42 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Општина Пробиштип да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад заради продажба на движните ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост, или технолошка застареност не ги користи Општина Пробиштип или правните лица основани од општината, не можат да се продадат или разменат.

Член 2

Предмет на продажба е подвижн ствари –специјални товарни комунални возила итеренско возило : камион ИВЕКО ОТОЈОЛ, камион ДАФ ФАГ и патничко теренско возило ЛАДА НИВА ставени вон употреба со Одлука за расходирање и продажба на основни средства-специјални товарни комунални возила и теренско возило донесена од Управен одбор на ЈКП Никола Карев Пробиштип бр. 02-297/1 од 21 април 2022 година и дадена согласност на истата со Одлуката за давање согласност на Одлуката на ЈКП Никола Карев Пробиштип за расходирање и продажба на основни средства-специјални товарни комунални возила и теренско возило од Советот на Општина Пробиштип бр. 26-592/6 од 30.05.2022 година, објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 5/2022.

Член 3

На расходираните подвижни стваири који се предмет на продажба е извршена проценка од стана на овластен проценувач на машини и опрема Друштво за производство, промет и консалтинг Визија-Т дооел Скопје

Подружница 2 Кратово Пр.бр. 073-И/2022 од 20.09.2022 година и почетната вредност за секој метал износува:

-Отпадно железо 13,00 денари за 1 кг

-Отпаден бакар-320,00 денари за 1 кг

Отпаден алуминиум 60,00 денари за 1 кг

-Отпаден месинг-200,00 денари за 1 кг

-Отпаден акумулатор-40 денари за 1 кг

-Хаварисани возила -10 денари за кг

Член 4

Средствата остварени од продажбата се приход на Буџетот на Општина Пробиштип, и истите ќе бидат пренесени на ЈКП Никола Карев Пробиштип за инвестирање во нови или реконструкција на постојните објекти, машини и опрема од областа на надлежностите кои ги врши претпријатието

Член 5

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Весник на Општина Пробиштип.

Број 26-915/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од законот за локалната самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 05/02“), точка 3 од Правилникот за стандарди на квалитет на младинските центри (арх. Бр. 12-923/1 од 07.04.2021 година) донесен од агенција за млади и спорт, а во согласност со член 21, став 1 точка 43 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА МЛАДИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА МЛАДИ КОЈА ЌЕ РАКОВОДИ СО МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР ВО ПРОБИШТИП**

**I. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката за објавување на Јавниот повик за избор на младинска организација или организацијата за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип, потребните документи при постапка на аплицирање за разгледување и евалуација на поднесените пријави по јавниот повик.

Член 2

На Јавниот повик за избор на младинска организација или организацијата за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип имаат право да се пријават младински организации или организации за млади со седиште или подружница во општина Пробиштип кои се рагистрирани во Регистарот на младински организации и организации за млади, согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за младинско учество и младински политики.

Член 3

Наменетиот простор за функционирање на Младинскиот центар на општина Пробиштип ќе биде доделен на управување на избрана организација или група организации, по потпишување на Договор за раководење со Младински центар со општина Пробиштип, во временски период од 3 (три) години.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

Член 4

Со цел да се реализира донесента Одлука од Советот на општина Пробиштип за избор на младинска организација или организацијата за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип, општина Пробиштип објавува Јавен повик.

Јавниот повик се објавува на веб стараницата на општина Пробиштип (www.probistip.gov.mk).

Јавниот повик трае 30 (триесет) дена од денот на објавувањето.

Во прилог на Јавниот повик ќе бидат објавени сите потребни формулари за поднесување апликации (достапни во електронска верзија), изработени врз основа на Стандардите за квалитет на младинските центри од Правилникот на Агенцијата за млади и спорт.

## III.ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Член 5

Правотот на учество на јавниот повик имаат:

-младински органзиации или

-организации за млади со седиште или подружница во општина Пробиштип кои се регистрирани во регистарот на младински организации и организации за млади, согласно Законот за здуженија и фондации и Законот за младинско учество и младински политики.

-организациии за млади со седиште или подружница во општина Пробиштип кои се регистрирани во Регистарот на младински организации и организации за млади и чадор организации при Агенцијата за млади и спорт;

-постојат повеќе од 1 (една) година и работата во полето на младинската работа.

Член 6

Заинтересираната организација/организации, потребно е да достави/ат;

-Пријава;

-Годишната програма за работа на Младинскиот центар, која ги исполнува Стандардите за квалитет на Младинските центри, преку која ќе се спроведува систематска подршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот на заедницата преку:

- Неформално образование:обучување и подучување на млади;
- Инфомирање, ментроството, подучување и советување;
- Информално искусвтено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности за и од млади.

-Годишен буџет за спроведување на предложената програма;

-Потофолио на организацијата или организациите кои се пријавуваат на Јавниот повик, во кое јасно ќе се гледа нејзиниот/нивниот придонес и работа во сферата на младинската работа;

-Биографии на сите лица кои ќе бидат ангажирани во спроведувањето на годишнатата програма-квалификувани младински работници врз основа на Националното портофолио за младински работници;

-Тековна состојба од Централниот регистар на РСМ не постара од шест месеци од организацијата или организациииите;

Член 7

Пријавите со целокупната документација во член 6 на овој Правилник, во затворен коверт се поднесуваат по поштенски пат или лично до Комисијата за разгледување и евалуација на пријави во архивата на општина Пробиштип на ул.„Јаким Стојковски“ бр.1, 2210 Пробиштип секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

Службеникот во архивата на општина Пробиштип, привремените пријави ги евидентира со точното време на поднесувањето (датум , час и минута) заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат пријавите.

На ковертот треба да е наведена назнаката **„За Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот Центар во Пробиштип“.**

Член 8

За спроведување на постапката, Градоначалникот формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по Јавниот повик, составена од претседател и 4 (четири) членови.

Комисијата е составена од 3 (три) члена преставници на општинската администрација и 2 (два) члена преставници на Советот на општина Пробиштип.

Комисијата врз основа на доставената документација за исполнување на критериумите, во рок од 3 (три) дена по завршувањето на рокот на Јавниот повик, до Градоначалникот ќе достави мислење со предлог за избор на младинската организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип.

Врз основа на доствaеното мислење од Комисијата за разгледување и евалуација на пријави, Градоначалникот во рок од најмногу 30 (триесет) дена

донесува Решение за избор на младинска организација или организации за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип.

Во рок од 3 (три) дена од донесеното Решение за избор, Градоначалникот склучува Договор за управување со Младинскиот центар во периодот од 3 (три) години, со избраната младинска организација или организации.

Во случај на заедничка пријава од повеќе организаии, Договорот ќе биде потпишан со една од организациите (предложена во апликацијата) во име на неформалната група организации.

Член 9

По завршувањето на јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави со цел да се утврди дали истите се уредни и комплетни, односно дали ја содржат потребната документација од член 6 на овој Правилник.

Некомплетните барања нема да бидат предмет на понатамошната постапка.

Комисијата ги известува сите учесници на Јавниот повик за реазултатите од истиот во рок од 3 дена од денот на донесувањето на решението за избор.

Известувањето ќе се изврши со објавување на донесеното Решение за избор од Градоначалникот, на официјалната интернет страница на општина Пробиштип.

Член 10

Избраната организација е должна на истекот на календарската година до Советот на општина Пробиштио да достави Извештај за реализација на годишната програма, воедно и Годишна програма со предлог Буџет за наредната календарска година.

Член 11

Овој Правилник влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Пробиштип“.

Број 26-915/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14, 29/15 и 23/2019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, а по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За именување на членови од Советот на Општина Пробиштип во Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави по Јавен повик за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип**

1. За членови од Советот на Општина Пробиштип во Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави по Јавен повик за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Пробиштип се именуваат:
   - Оливер Андовски
   - Давор Стојчевски и
   - Денис Тодоровски
2. Решението стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-915/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/20019), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 годна ја донесе следата:

**ОДЛУКА**

**За емитување на седници на Совет во живо на содветен канал, документирање и архивирање на истите во видео запис**

Член 1

Заградипоголема транспарентност и запознавање на граѓаните со работата на Советот на Општина Пробиштип, седниците на Советот да се емитуваат во живо на соодветен канал, а видео записите да се докуменитраат и архивираат.

Член 2

Градоначалникот на Општина Пробиштип да ги преземе сите потребни мерки за емитување на седниците во живо на соодветен канал, документирање и архивирање на истите во видео запис, најкасно до донесување на Буџетот на Општина Пробиштип за 2023 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-915/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Буџетски календар за донесување на Бузет на Општина Пробиштип за 2023 г

| | *Носител на Активноста* | *Постапка Дејствие* | *Август 2022* | | | *Септември 2022* | | | *Октомври 2022* | | | *Ноември 2022* | | | *Декември 2022* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Совет на Општина | Донесување на буџетски календар | | x | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | Одделение за Буџет | Изготвување на фискална стратегија за донесување на Буџетот за 2023 год | | | x | | | | | | | | | | | | |
| 3 | Совет на Општина | Донесување на фискална стратегија | | | | x | | | | | | | | | | | |
| 4 | Одделение за Буџет | Изготвување на главни насоки за изготвување на буџетот за 2023 год | | | | | x | | | | | | | | | | |
| 5 | Одделение за Буџет | Доставување на главните насоки до корисниците на Буџетот | | | | | | x | | | | | | | | | |
| 6 | Буџетски Корисници | Доставување на главните насоки на буџетските корисници | | | | | | | x | | | | | | | | |
| 7 | Одделение за Буџет | Анализа и Усогласување на буџетските планови на корисниците | | | | | | | | x | | | | | | | |
| 8 | Буџетски Корисници | Изготвување на предлог програмите за Буџет за 2023 год | | | | | | | | | x | | | | | | |
| 9 | Градоначалник | Спроведување на јавна расправа за предлог програмите | | | | | | | | | | | x | | | | |
| 10 | Совет на Општина | Донесување на програмите на Буџетот за 2023 год | | | | | | | | | | | | x | | | |
| 11 | Одделение за Буџет | Изготвување за предлог буџет за 2023 год | | | | | | | | | | | | | x | | |
| 12 | Одделение за Правни Работи | Доставување на предлог буџет 2023 год до Советот на Општината | | | | | | | | | | | | | | x | |
| 13 | Советот на Општината | Донесување на Буџетот на Општината за 2023год | | | | | | | | | | | | | | | x |

Број 26-915/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, расправајќи по барањето од Антониевска Анета ул.Кочо Рацин бр.116 Пробиштип бр. 26-896/1 од 12.09.2022 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Антониевска Анета ул.Кочо Рацин бр.116 Пробиштип бр. 26-896/1 од 12.09.2022 година за одобрување на парични средства за лекување на СЕ ПРИФАЌА и се одобруваат 7.000,00 денари.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/13-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, расправајќи по барањето од жители на село Добрево бр. 26-766/1 од 21.07.2022 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од жители на село Добрево бр. 26-766/1 од 21.07.2022 година за санација на скали на ул.3-ти Април во Добрево, СЕ ПРИФАЌА и барањето се препраќа до Одделението за комунални работи, патишта и улици заради предвидување на средства во соодветната програма.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/13-2 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, расправајќи по барањето од Црковниот одбор на Црква

Св.Илија с.Пуздерци бр. 26-790/1 од 28.07.2022 година , а по предлог на Комисијата за молби и барања го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Црковниот одбор на Црква Св.Илија с.Пуздерци бр. 26-790/1 од 28.07.2022 година за ослободување од комунална такса за улично осветлување, Комисијата го разгледа барањето и го препраќа до Комисијата формирана за таа намена.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/13-3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, расправајќи по барањето од Дејанчо Пенчов ул.Македонски революционери бр.10 Пробиштип бр. 26-882/1 од 06.09.2022 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Дејанчо Пенчов ул.Македонски революционери бр.10 Пробиштип бр. 26-882/1 од 06.09.2022 година за одобрување на парични средства за лекување на СЕ ПРИФАЌА и се одобруваат 7.000,00 денари.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/13-4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, расправајќи по барањето од Павле Митевски ул.Крсте Мисирков бр.13 Злетово бр. 26-844/1 од 23.08.2022 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Павле Митевски ул.Крсте Мисирков бр.13 Злетово бр. 26-844/1 од 23.08.2022 година за одобрување на парични средства за лекување на СЕ ПРИФАЌА и се одобруваат 3.000,00 денари.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/13-5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, расправајќи по барањето од Владо Манасов ул.Доне Божинов бр.17 Пробиштип бр. 26-835/1 од 18.08.2022 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Владо Манасов ул.Доне Божинов бр.17 Злетово бр. 26-835/1 од 18.08.2022 година за одобрување на парични средства за лекување на СЕ ПРИФАЌА и се одобруваат 7.000,00 денари.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/13-6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, расправајќи по барањето од Радиша Николов од с.Трипатанци бр. 26-812/1 од 09.08.2022 година, а по предлог на Комисијата за молби и барања го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Радиша Николов од с.Трипатанци бр. 26-812/1 од 09.08.2022 година за одобрување на парични средства за санација на куќа, не се прифаќа бидејќи не ги исполнува критериумите утврдени во Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на право на еднократна парична помош по барања поднесени до Општина Пробиштип.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/13-7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---

Врз основа на член член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 51, став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/20019), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 23.09.2022 година, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1. Не се дава согласност на Одлуката за утврдување на надоместоците за управување и одржување на гробиштата во Злетово бр. 02-513/1 од 25.08.2022 година.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-915/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.09.2022 година ПРЕТСЕДАВАЧ
Пробиштип Борче Миланов с.р.

---